08-6555/4
12 -01- 2022

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 08-4156 од 04.09.2019 година, оформен согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ___________, поднесен по избор на функцијата Министер за ___________________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4156 од 04.09.2019 година.

Предметот со број 08-4156 од 04.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во анонимизирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-4156 од 04.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на _____________, поднесен по избор на функцијата Министер за __________________ во Владата на Република Северна Македонија.

______________, поднел анкетен лист во законски предвидениот рок по избор на наведената функција, односно на 17.07.2019 година.

На 22.09.2020 година ___________________ поднел анкетен лист по престанок на функцијата Министер за ___________________ во Владата на Република Северна Македонија.

ДКСК од именуваниот побара податоци за членовите на неговото семејство со кои жевее во заедничко домаќинство.

Од страна на именуваниот се доставени податоци за следните членови на неговото семејство:

-_______________ – мајка;
-_______________ – сопруга;

ДКСК, за имотот на ________________ и за имотот на неведените членови на неговото семејство, побара податоци од:

-Агенцијата за катастар на недвижности;
-Министерството за внатрешни работи;
-Управата за јавни приходи; и
-Централниот депозитар за хартии од вредност;

Воедно, ДКСК изврши увид во дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување на прибавените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист на ______________, ДКСК го утврди следното:

-од добиените податоци од Агенцијата за катастар на недвижности произлегува дека _____________, мајка на _____________, е сопственик на недвижен имот запишан во ИЛ бр._____ за КО __________ земјоделско земјиште, ливада и пасиште, со вкупна површина од 28.595 м2. Од друга страна, во анкетниот лист ___________ пријавил имот на родители нива во __________ со површина од 21.022 м2.

Тргнувајќи од наведеното, ДКСК на именуваниот му издаде прекршочен платен налог број 08-6555/2 од 10.12.2021 година за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон, затоа што во анкетниот лист поднесен по престанок на функицијата дал нецелосни податоци за имотот соспственост на неговиот родител.

Од страна на именуваниот, во законски утврдениот рок, е постапено по издадениот прекршочен платен налог, односно е платена половина од глобата утврдена со истиот.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: Н.Б.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**